ЈАВНА УСТАНОВА ОПШТИНСКА
ДЕТСКА ГРАДИНКА

***“РАСПЕАНА МЛАДОСТ”***

КАРПОШ - СКОПЈЕ

# ***Г О Д И Ш Е Н   И З В Е Ш Т А Ј***

Август, 2024 година

# ОПШТИНА КАРПОШ - СКОПЈЕ

# ЈАВНА УСТАНОВА ОПШТИНСКА ДЕТСКА ГРАДИНКА
# ***“РАСПЕАНА МЛАДОСТ”***
# КАРПОШ - СКОПЈЕ

Ул. “Руѓер Бошковиќ” бр.6

е-маил: raspeana@yahoo.com

Тел/факс 02 3068 - 781

# Г О Д И Ш Е Н   И З В Е Ш Т А Ј

ЗА РАБОТАТА ВО ЈАВНАТА УСТАНОВА ОПШТИНСКА ДЕТСКА ГРАДИНКА

## “Р А С П Е А Н А   М Л А Д О С Т”

КАРПОШ - СКОПЈЕ

За периодот од м. Септември 2023 до Август 2024 година





СОДРЖИНА:

1. Вовед
2. Појдовни основи за реализирање на дејноста
3. Организација, внатрешно уредување и услови за работа во градинката
4. Организација на работата во групите од најрана предучилишна возраст и постара предучилишна возраст
5. Реализација на програмите за воспитно-образовната работа
6. Стручно усовршување на кадарот
7. Реализација на здравствената дејност
8. Културна дејност на установата
9. Социјална дејност
10. Реализација на програмата на директорот
11. Реализација на програмата на другите стручни соработници, педагог, психолог, дефектолог, доцтор
12. Педагошка евиденција и документација
13. Материјална политика и финансово оддржување

# I. ВОВЕД

Извештајот за работа на Јавната Установа Општинска Детска Градинка "РАСПЕАНА МЛАДОСТ" Карпош – Скопје дава целосна слика за реализацијата на активностите предвидени со Програмата за работа на Детската градинка за периодот 2023/24 година и за низа други активности кои се наметнуваа во соработка со локалната средина, установите, научните и стручни институции и работни организации.

Извештајот за работа на ЈУОДГ "РАСПЕАНА МЛАДОСТ" Карпош - Скопје е подготвен врз основа на Законот за заштита на децата РМ бр.23/14;12/14; 44/14; 144/14;10/15, 25/15, 150/15,27/16, 163/17,21/18 ,196/18 и Сл. весник на РСМ 104/19 , 146/19 275/19, 311/20 и 294/21 година) од Програмата за рано учење и развој и Статутот на ОДГ "РАСПЕАНА МЛАДОСТ" Карпош - Скопје.

Во Извештајот се дадени активностите кои се реализирани во текот на извештајниот период 2023/2024 год. со кои преку згрижувачка, воспитно -образовна, здравствено - превентивна и социо - културна дејност се промовираше грижата, здравјето и унапредувањето на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот и социјалниот развој на децата.

Во подготовка на Извештајот учествуваа директорот, стручните работници и стручните соработници и истиот се доставува до Управниот одбор на градинката кој по усвојувањето го предлага на основачот на градинката т.е. Советот на Општина Карпош.

# II. ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДЕЈНОСТА

За успешно и темелно реализирање на воспитно образовната дејност во нашата установа се раководевме од Програмата за рано учење и развој ( Сл.весник бр.46/2014) на деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки, врз база на Стандардите за рано учење и развој кај деца од 0 до 6години.



Под мотото **“Во светот на децата”**, сите активности во Градинката беа насочени кон остварување на програмските цели и задачи за поттикнување на детскиот развој , зајакнување на развојната подготвеност за училиште ,а пред се, за здрави и среќни деца - нашата иднина. Програмата ја прилагодувавме и усогласувавме со детските желби, можностите, интересите и потребите на секое дете, а истовремено бевме отворени за соработка со родителите и поширокота средина.

Во текот на годината вкупно беа запишани 246 деца, од тоа 46 деца со најмала предучилишна возраст од 8 месеци до 2 години и тоа во матичниот објект 23, а во објектот Виножито 23 деца, и 200 деца од постара предучилишна возраст од 2 год до поаѓање на децата во училиште до 6 годишна возраст од кои 163 се во матичниот објект, а 37 се во објектот Виножито.

Условите во кои престојуваат децата во ЈУОДГ “РАСПЕАНА МЛАДОСТ” Карпош – Скопје се поволни, согласно законските одредби за функционирање на детска градинка. Објектот е пуштен во употреба во месец Септември 1979 год, лоциран на ул. „Руѓер Бошковиќ „ бр. 6, граден е наменски со површина од 1230м квадратни внатрешна корисна површина и дворна површина од 1200м квадратни.

Објектот во целост ги задоволува нормативите за престој на предучилишни деца. Во објектот има вкупно 8 занимални, од кои:

- 1 занимална која е со површина од околу 100м2 и е наменета за деца од најрана предучилишна возраст (јасли) од 8 месеци до 2 години и тука се сместени 3 групи деца,и
- 7 занимални, наменети за деца од постара предучилишна возраст од 2 до 6 години (2-3, 3-4, 4-5 и 5-6 години) .т.е. до поаѓање на децата во училиште.

Објектот Виножито лоциран во нас. Бардовци, со работа отпочна во мај 2019 година. Тоа е современ објект со корисна површина од 465 м2 и дворна површина од 600 м2 . Во изминатиот период објектот работи со 4 воспитни групи, од кои:

- 1 занимална е наменета за деца од 8м. до 2 години (јаслена возраст) и
- 3 занимални за деца од 2 до 6 години сместени во хетерогени групи од 2 до 4 и од 4 до 6 години.

Организацијата на просторот во двата објекта беше флексибилна и нудеше можности за организирање на активности во поголема, помала група и индивидуална работа. Принципот на активно учење бараше организирање во неколку центри за учење чие отворање зависеше исклучиво од целите испланирани во краткотрајниот дневен план. Децата ,во текот на извештајниот период имаа можност да учат и играат во:

- Библиотечниот центар,
- Математичкиот центар,
- Центарот за игри со конструктивен матерјал,
- Уметничкиот центар,
- Научно-истражувачки центар
- Центар за игри со улоги,драматизации
- Изложбен центар.

Материјалите за работа беа организирани, јасно наредени, чисти, уредни, достапни за децата и постојано збогатувани.

Просториите во кои престојуваат децата се уредени со соодветни центри за игра, учење и забава, со соодветен дидактичко игровен материјал кој ги поттикнува и развива детските сознајни можности, детската социјализација, нивните емоции и воопшто психофизичкиот развој на детето. Во текот на годината за занималните набавивме магнетни табли и плутани табли,за влезовите( за објавување информации).

Во текот на годината просториите во кои престојуваа децата секогаш беа чисти, дезинфицирани, естетски уредени и наменски се користеа.

Вработените перманентно се ангажираа потребите на децата навреме да бидат задоволени во однос на згрижувачката и воспитно образовната работа, игрите и другите детски активности.

Дидактичкиот Кабинет во установата е опремен со работно игровни и аудио визуелни средства, меѓутоа тој постојано се збогатува и дополнува, особено во објектот Виножито.

Во објектот Распеана Младост има богато снабдена библиотека со стручна литература и литература за деца, која постојано се следи и користи за реализација на воспитно-образовните активност со децата, но и од страна на вработените. Во текот на изминатата година библиотеката ја збогативме со следните наслови:

Користевме прирачници наменети за воспитните тимови во групите соодветно на возраста на децата, издадени од издавачките куќи ,,Просветно Дело, Едука Мак, Арс Ламина, Итеа Прес и други

Во објектот Распеана Младост сместени се и административните простории и кујната во која секојдневно се подготвуваат оброците за децата.

Во централната кујна секојдневно се подготвуваа главните оброци за децата од сите возрасти и тоа: појадок, ручек, салати и ужинки, а во чајната кујна сместена во објектот Виножито, се подготвуваше појадок, салати и ужинки. Оброците се подготвуваа врз основа на месечна листа на јадења, врз основа на Нормативи за исхрана и оброци на децата во детска градинка . Листите на јадења ги изготвуваа тимот директор , главен готвач, медицинска сестра и домаќин. При тоа се изготвуваа листа на јадења за деца од јаслената возраст и листа на јадења за деца од 2 до 6 годишна возраст. При изготвувањето на листите на јадења , настојувавме оброците да бидат органолептички здрави ,оптимални со хранливи материи, балансирани, од квалитетни прехрамбени производи, со цел да придонесат во обезбедување на хармоничен раст и развој на секое дете и превенција одзаболувања.

Вработените во кујните секојдневно се грижеа храната и оброците, да се свежи, навреме подготвени, со соодветен квалитет и квантитет на истите, а се обрнуваше внимание и за навремена набавка и правилно чување на прехрамбените производи во магацинот и во фрижидерите во кујната . Сите лица ангажирани околу храната имаат посетувано и добиено сертификати за HACCP системот за безбедност на храната.

Чајната кујна во објектот Виножито исто така ги исполнува сите стандарди,во неа се подготвуваа салатите и ужинките за децата од јаслената возраст.

Дворот што ја опкружува градинката Распеана Младост има вкупна површина од 1200м квадратни и во него се поставени детски реквизити - клацкалки, вртелешки, лизгалка, песочник и места засадени со цвеќе. Ова лето ја обновуваме бојата на реквизитите и на влезните железни врати како и на цртежите на приодните патеки. Дрвјата кои се во дворот се големи и во лето прават убави сенки. Во дворот децата секојдневно се присутни и се изведуваат дел од игровните активности. Песочникот каде се сместени детските реквизити е заграден со жичана ограда. Детското игралиште сепак е со стари и дотрајани реквизити кои иако ги одржуваме колку што можеме сепак се дотрајани и во иднина треба да се заменат со нови.

Објектот Виножито, располага со помала дворна површина, со еден простор опремен со малку детски реквизити кои се користат од страна на децата. Како понов објект, се уште има мали дрвја, нема сенки и нема можности за престој и игри на отворено во топли и сончеви денови.Благодарение на вработените ,последните 2 години објектот се збогатува со цвеќиња и се цртаат плочниците.

Во текот на годината се користеа различни видови аудиовизуелни средства како телевизори, музички системи, дивиди, графоскоп, лцд проектор, компјутери и друг инвентар. За остварување на воспитно-образовната дејност на градинката.Во соработка со родителите за подобрување на условите за престој и учење на децата добиени се донации како телевизор,прожектор,лаптоп,принтер, дидактички и едукативни играчки,заштитни фолии со детски принт за заштита на прозорите. Од наша страна беше купен театар за изведување на куклени претстави.

Сите занимални, административни простории, кујната и салата се климатизирани.

За непосредна работа со децата се користеа детските списанија Росица, Супер Смешка,Месечко, Ѕвездички.

Претплатени сме на Службен весник на РМ, Месечен билтен за сметководствено работење. Го добиваме и весникот на Општина Карпош - Урбан Карпош.

# III. ОРГАНИЗАЦИЈА, ВНАТРЕШНО УРЕДУВАЊЕ И УСЛОВИ ЗА РАБОТА ВО ГРАДИНКАТА

Јавната установа општинска детска градинка "РАСПЕАНА МЛАДОСТ" Карпош – Скопје е лоцирана на територија на Општина Карпош, а згрижувачката и воспитно-образовната дејност, како што веќе споменавме, ја извршува во два објекти и тоа:

- Матичен објект на ул. "Руѓер Бошковиќ" број 6 во Карпош 1 кој е почнат со работа во 1979 година, и
- Објектот Виножито, во населеното место Бардовци на ул. 10 број 2А кој почна со работа на 22. 05. 2019 година.

Во двата објекта се згрижуваат деца од нашата општина Карпош, односно од населбите Карпош 1, Бардовци и Злокуќани.

Работното време во Установата е од 06 до 18ч.
Организацијата на животот и работата во Детската градинка се остварува во рамките на работното време на градинката.
Просторната организација на градинката подразбира постоење на занимални за престој на децата, санитарни јазли за деца и возрасни, сала за заеднички активности и приредби, кабинет за воспитно – образовниот и згрижувачкиот кадар, канцеларија за стручните работници, канцеларија за техничко - административен кадар, кујна, перална, подрумски и магацински простории.

## Вработен кадар во ОДГ„РАСПЕАНА МЛАДОСТ" Карпош - Скопје.

Во ОДГ "РАСПЕАНА МЛАДОСТ" Карпош – Скопје вработени се вкупно 44 лица, од кои 43 лица се вработени на неопределено време, 1 лице со договор за извршување.

**Раководен кадар ( 1 )**

- Раководен орган – в.д. Директор,

**Административни работници (2)**

- Соработник секретар 1
- Сметководител 1

**Стручни работници ( 3 )**

- Психолог 1
- Логопед 1

**Струни соработници ( 3 )**

- Педагог по физичка култура 1
- Педагог по музичка култура 1
- Професор по Англиски јазик 1 ( вработена на 20 часа неделно )

**Воспитно – образовен кадар ( 10 )**

- Воспитувачки 10 на неопределено работно време,
- Негователки 15 на неопределено работно време,
- Неговател 1 со договор на извршување

**Технички персонал ( 8 )**

- Магационер 1
- Хигиеничарки 3 на неопределено работно време

Шофер 1

- Хаус мајстор 1
- Градинар 1

**Кадар за подготовка на храна ( 4 )**

- Готвач 1
- Помошник готвач 2
- Садомијачка 1

Во продолжение е прикажан графичкиот приказ на вработените според бројот на вработени на одредени профили изразено во проценти.




## А РАКОВОДЕН КАДАР И СТРУЧНИ РАБОТНИЦИ И СОРАБОТНИЦИ

Раководниот кадар го претставува директорот на градинката, а стручните работници се психолог, логопед,а стручни соработници се музички педагог,професор по англиски јазик и книжевност и професор по физичко и здравствено воспитување.

| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | РАБОТНО МЕСТО | ВИД ДОГОВОР ЗА РО | ЗАВРШЕНО ОБРАЗОВАНИЕ |
|---|---|---|---|
| **РАКОВОДЕН ОРГАН** | | | |
| **Валентина Ѓорѓевиќ** | В.д.директор | неопределено | VII/1 |
| **СТРУЧНИ РАБОТНИЦИ** | | | |
| **Весна Андоновска Домлевска** | психолог | неопределено | VII/1 |
| **Марија Стефановска** | логопед | неопределено | VII/1 |
| **СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ** | | | |
| **Дејан Миленковски** | Музички педагог | неопределено | VII/1 |
| **Марина Стоилкова Стоименова** | Професор по физичко и здравствено воспитување | неопределено | VII/1 |
| **Драга Китановска** | Професор по англиски јазик | Неопределено за 4 часа неделно | VII/1 |

Следи графички приказ:




## ВОСПИТНО ЗГРИЖУВАЧКИОТ КАДАР

Воспитно образовниот кадар го сочинуваат 10 (десет). Според степенот на образование 3 воспитувачки се со Педагогија, 7 се со Педагошки факултет .

Следи табеларен приказ за воспитувачите според видот,степенот на образование и според возрасната група на децата кои ги водат :

| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | РАБОТНО МЕСТО | ВОЗРАСТ НА ДЕЦАТА | ВИД ДОГОВОР ЗА РО |
|---|---|---|---|
| ГОРДАНА СТОЈАНОВСКА | ВОСПИТУВАЧ | ОД 2г до 3г | неопределено |
| БИЛЈАНА КЛЕТНИЧКА | ВОСПИТУВАЧ | од 3г до 4г | неопределено |
| МАРИНА ПЕТРОВСКА | ВОСПИТУВАЧ | Од 5 до 6г | |
| ЈУЛИЈАНА ЈОВАНОВ | ВОСПИТУВАЧ | Од 4 до 5 год. | неопределено |
| ДАНИЕЛА ПАВЛОВСКА | ВОСПИТУВАЧ | од 5г до6 г | Неопределе но |
| НИНА ТОДОРОВСКА КРИЧЕВСКА | ВОСПИТУВАЧ | Од2 до 3г | неопределено |
| СИЛВИЈА СТОЈАНОВСКА | ВОСПИТУВАЧ | од 4г до 5г | Неопределе но |
| ХРИСТИНА МАЛЕВА | ВОСПИТУВАЧ | Од 4 до 5г | Неопределе но |
| ЛЕЛА ПЕШЕВСКА | ВОСПИТУВАЧ | Од 2 до 3 г | Неопределе |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | но |
| **ВЕРИЦА ДИМИТРОВСКА** | ВОСПИТУВАЧ | од 5г до 6 г | Неопределено |

Во градинката работат 15 лица како згрижувачки кадар т.е. од кои неговaтелки во матичен објект и 4 неговaтелки во објект Виножито.Сите неговaтелки имаат лиценца за работа како неговaтелки.

**Следи табеларен приказ:**

| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | РАБОТНО МЕСТО | ВОЗРАСТ НА ДЕЦАТА | ВИД ДОГОВОР ЗА РО |
|---|---|---|---|
| МАРТИНА МОР | Породилно отсуство | ------------------ | неопределено |
| БИЛЈАНА ВЛАДЕВА | Неговaтелка - Матичен | од 3г до 4г | неопределено |
| МАРТИНА ЦЕКОВСКА | Неговaтелка- ВИНОЖИТО | од 8м. до 24м | неопределено |
| ИВА КОЛЕВА КОЛЕВСКА | Неговaтелка - Матичен | од 5 до 6 г | неопределено |
| ВЕСНА ВЕЛЈАНОВСКА | Неговaтелка - Матичен | од 8м до 18м | неопределено |
| АЛЕКСАНДРА НИКОЛОВСКА | Негувателка | од 2 до 4 г | неопределено |
| ЕВИЦА БОЈКОВСКА | Неговaтелка - Матичен | од 4г. до 5г. | неопределено |
| ДРАГАНА - МИЛУТИНОВИЌ ЗОРЕСКА | Неговaтелка - ВИНОЖИТО | од 8м до 24м | неопределено |
| АНДРИЈАНА МИЛЕНКОВСКА | Неговaтелка - Матичен | од 2г. до 3г | неопределено |
| ВЕСНА ЏАВЕРОВСКА ТАСЕВСКА | Неговaтелка - Матичен | од 2г. до 3г | неопределено |
| МАРИЈА ЌОСЕВСКА | Неговател - матичен | Од 2 до 3 години | неопределено |
| СИЛВИЈА СТОЈАНОВСКА | Неговaтелка - Матичен | од 3г до 4г | неопределено |
| МАРЈАНА МЛАДЕНОВСКА | Неговaтелка- ВИНОЖИТО | од 4г. до 6г | неопределено |
| АНЕТА ДОДЕВСКА | Неговaтелка - Матичен | од 3 до 4г | неопределено |
| БИЛЈАНА ЗЛАТАНОВСКА | Неговaтелка ВИНОЖИТО | од 8м до 24м | Договор за извршување |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ВИОЛЕТА КРСТЕВСКА | Негователка ВИНОЖИТО | Од 5г. до 6г. | неопределено |

Следи графички приказ на воспитно згрижувачкиот персонал по работни места и по објекти во проценти




---

Во установата покрај горенаведениот кадар остануваат уште техничкиот персонал и персоналот за подготовка на храна, кои во понатамошниот текст ќе бидат прикажани според степенот на образование и работно место .

## ПЕРСОНАЛ ЗА ПОДГОТОВКА НА ХРАНА

Персоналот за подготовка на храна го сочинуваат 4 (четири) лица и тоа една готвачка со завршено средно угостителско, 2 помошник готвачи од кој 1(едната е во објектот Виножито) и 1 садомијачка

| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | РАБОТНО МЕСТО | ВИД ДОГОВОР ЗА РО | Степен на образование | ОБЈЕКТ |
|---|---|---|---|---|
| **ДИЈАНА ХРГОВИЌ ГИЧЕВСКА** | ГЛАВЕН ГОТВАЧ | неопределено | IV степен | Матичен |
| **ЈОВАНКА БОЖИНОВСКА** | ПОМОШНИК ГОТВАЧ | неопределено | IV степен | Виножито |

| Сања Китановска | ПОМОШНИК ГОТВАЧ | неопределено | III степен | Матичен |
|---|---|---|---|---|
| **МИРЈАНКА ПЕТРОВСКА** | САДОМИЈАЧ | неопределено | IV степен | Матичен |

Следи графички приказ на персоналот за подготовка на храна според работното место.




## ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ

Техничкиот персонал го сочинуваат 8 луѓе од кои 4 се хигиеничарки од кои 1 е на подолготрајно боледување од 1 година, 1градинар,1домаќин-материјален книговодител, 1 хаусмајстор,1 возач,

| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | РАБОТНО МЕСТО | ВИД ДОГОВОР ЗА РО | ЗАВРШЕНО ОБРАЗОВА НИЕ | ОБЈЕКТ |
|---|---|---|---|---|
| **МИЛЧО АНГЕЛОВСКИ** | домаќин-материјален книговодите л | неопределено | IV степен | Матичен |
| **ДАНИЦА МИШЕВСКА** | хигиеничар | неопределено | IV степен | Матичен |
| **ГЕРАСИМ ИЛОВ** | возач | неопределено | IV степен | Матичен и Виножито |
| **ЃОРЃИ МАРКОВСКИ** | градинар | | IV степен | Матичен и Виножито |
| **АНТОН ШАЛАЈ** | хаусмајстор | неопределено | IV степен | Матичен и Виножито |
| **ТАМАРА АРСОВА** | хигиеничар | неопределено | IV степен | Матичен |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ВИОЛЕТА МИЦКОВСКА** | хигиеничар | неопределено | IV степен | ВИНОЖИТО |

Следи графички приказ на техничкиот персонал според видот на работното место:




# IV. ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО ГРУПИТЕ ОД НАЈРАНА ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ И ПОСТАРА ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ

Во текот на изминатата година 2023/2024 во Установата беа запишани 246 деца распределени во 12 воспитни групи од кои 2 хетерогени групи од 8 месеци до 2 години( во Распеана Младост и во Виножито по една јаслена група), и 10 групи од постара предучилишна возраст. Просечниот број на деца во групите варираше во текот на годината.

Воспитно образовната работа се реализира на македонски јазик.

Занималните во кои престојуваат децата беа уредени со соодветни катчиња за игра, учење и забава со соодветен дидактичко - игровен материјал кој ги поттикнува и развива детските сознајни можности, детската социјализација, нивните емоции и воопшто психофизичкиот развој на детето.

Детската градинка се грижеше за задоволување на санитарно - здравствено - хигиенските услови и педагошко - психолошки стандарди, со цел исполнување на законските и програмски рамки за работа на установата.

Развојниот процес и учењето кај малите деца не се одвива изолирано, туку се одвива континуирано, преку сите домени. Развојните домени се

меѓусебно поврзани, а децата учат со надградување на веќе постоечките знаења.

Во групите од најрана предучилишна возраст( јасли) престојуваа деца од 8 месеци до 2 години со целодневен престој за кои се обезбедуваше згрижување, нега, два оброка и две ужинки дневно, превентивна здравствена заштита, забава, игра и воспитна работа. На планот на воспитно-образовната работа се организираа активности за помагање на развојот на основните движења, за слушање и поттикнување на говорот, манипулативни активности, животно-практични активности, игри и активности за поттикнување на музичките и ликовните потенцијали.

Во групите од постара предучилишна возраст престојуваат деца од 2 години до поаѓање на училиште на кои им се обезбедуваше згрижување, игра, четири оброка исхрана, превентивно-здравствена заштита и забава, воспитно-образовна работа, подготовка за поаѓање на училиште. Во организацијата на активностите се водеше сметка за поврзување на слободните игри, насочените активности и игри и посети и прошетки на отворен простор.

Слободните игри се најприроден начин на вклучување на децата во колективот и активирање со нешто што посебно ги привлекува. Тоа се перцептивно - моторни, откривачки, практично-животни активности, активности за резонирање, разбирање и пронаоѓање и се изведуваа колективно, во мали групи или индивидуално, а воспитувачот во нив учествуваше како рамноправен партнер во играта или индиректно преку изборот и организацијата на материјалот.

Игрите и прошетките се организираа по избор на децата или пак беа под мотивација на планираните цели и задачи и дневни активности од месечните планови. Овие активности беа организирани од децата самостојно,игрите најчесто произлегуваа од желбите и интересите на децата, но и по иницијатива и под будното око на воспитувачот. Дневните воспитно-образовни (насочените) активности се животно-практични и работни активности, активности за учење, резонирање, разбирање, откривање, активности на претставување, изразување и сознавање, беа често застапувани активности со кои се остваруваа задачи од сите воспитно-образовни подрачја со меѓусебно испреплетување и поврзување на слободните, насочените активности и слободните игри и прошетки без строго определени временски и други ограничувања првенствено имајќи го во предвид интересот на децата за определени активности.

Во текот на денот се остваруваше индивидуална работа со децата за однапред определени и поставени цели и задачи како: дополнување и проширување на детските знаења, или пак за ублажување или отстранување на определени пречки. Секако не беше занемарена и секојдневната индивидуална работа со децата која бара моментно делување кое од воспитно-образовниот кадар бара голема флексибилност и снаодливост, стручна способност и осет да се делува во правиот момент.

Ваквиот начин на структуирање на активностите во текот на денот тргнувајќи од развојните аспекти на децата, од што поаѓа и планирањето на животот и работата во градинката овозможи слобода на изразувањето на детските потреби, желби и ставови како и следење, помагање и поттикнување на природниот раст и развој на детето.

Времето во текот на денот беше така распределено да имаше време за слободни игри во центрите за игра, групно време и игри и активности на отворено. Се разбира меѓу сите овие активности беше и времето што е потребно за оброците, појадок, ручек и ужина.

Воспитно - образовната работа ја изведуваа стручно оспособени лица - воспитно образовен кадар - воспитувачи и негователки по однапред предвидена програма за работа.
намален беше бројот на реинфекции и новозаболени вработени, како и на родители или членови на семејствата.

# V. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

Годишната програма на ЈУОДГ “РАСПЕАНА МЛАДОСТ” Карпош - Скопје е донесена на почетокот на учебната година, составена и изработена од страна на директорот и стручниот тим на градинката, а прифатена од Советот на родители и од Управниот одбор на Установата.
После тоа Годишната програма беше пратена во Општина Карпош до Комисијата за јавни дејности и Советот на Општина Карпош. Откако беше прифатена и усвоена од членовите на Комисијата беше на дневен ред на Седница на Советот на Општина Карпош каде едногласно беше усвоена. После добивањето на заклучокот дека е прифатена, програмата беше пратена во МТСП и Бирото за развој на образованието.

Воспитно-образовната работа се планираше и реализираше интегрирано, со примена на холистички приод во работата со децата.. Имајќи ги во предвид условите за работа, опкружувањето на градинката, пошироката околина, културата и менталитетот во средината, индивидуалните разлики, потреби и можности на секое дете, планирањето на воспитно-образовната работа во сите воспитни групи се правеше низ годишно планирање ( годишни Теми), среднорочно-месечно планирање по одредени теми и дневно-оперативно планирање на дејноста. Планирањето на на месечните теми го правеше педагогот на градинката,секако во

соработка со воспитниот кадат и стручните соработници,а дневните планови ги осмислуваа и реализираа воспитувачите.

При планирањето и реализацијата на активностите во јаслената (најраната ) предучилишна возраст се обрнуваше големо внимание на адаптацијата на децата и социјализација во колективот, зајакнување на здравјето и развивање на елементарни движења кај децата и култивирање на детскиот говор.

Во градинка пак се поаѓаше од проценка на детскиот развој што се изврши во септември и врз основа на тоа се планираа можностите за понатамошно унапредување на тој развој.

Во текот на овој извештаен период воспитно-образовната работа се оствaруваше низ одбрани теми меѓу кои се насочуваа позитивни социоемоционални односи, поддржување и поттикнување на спонтаните детски активности и чување и јакнење на детското здравје, правилен развој на моториката, збогатување на детските искуства за луѓето и средината која ги опкружува и култивирање на говорот, поттикнување на когнитивниот развој, развој на уметностите, преку ликовно и музичко воспитување и другите изразни можности.

Во текот на годината беа избрани одредени теми според кои се одвиваше воспитно-образовната работа и тоа

**Во постара предучилишна возраст од 18 до 24м.:**

- Мојата градинка
- Шарено чадорче – есента ни пристигна,
- Чисти рачиња здраво дете
- Каде се птиците
- Зимски радости
- Гладно врапче, зајаче, мече
- Моето семејство
- Сонце грее ,птица пее
- Лет,лет Буба Маро
- Летни радости
- Играј дете ,лето е
- Патуваме, патуваме

**Во постара предучилишна возраст од 2 до 3год. :**

- Мојата градинка,
- Детска Недела..Расни среќно и живеј здраво,тоа е она право....
- Есента пристигна .......во нашиот двор
- Есенско патување (Каде се птиците, Врне дождец..)
- Мојот град роденден има
- Новогодишни радости
- Зимски радости
- Првото цвеќенце никна,

- Добредојде пролет мила
- Денови на екологијата
- Пролетно патување
- Летото ни пристигна
- Сообраќајот во мојот град

**Во постара предучилишна возраст од 3до 4год:**

- Мојата градинка
- Детска недела- Расни среќно и живеј здраво
- Јади здрава храна, за детсво без мана
- Есен во мојот град
- Ноември ни раскажува
- Животните во светот на приказните
- Мојата татковина Македонија
- Мојот град Скопје роденден има
- Како се грижиме за нашето здравје,
- Да ја украсиме нашата занимална и новогодишна Елка
- Зимски радости
- Моето семејство
- И животните имаат свое семејство,
- Пролетно патување
- Пролетни приказни од градината, паркот, барата ......
- Сообраќајни средства во вода, воздух и земја.
- Летни радости

**Во постара предучилишна возраст од 4до 5год:**

- Мојата градинка Распеана Младост се вика
- Детето и неговите права и одговорности,
- Есен во мојот град,
- Среќен роденден, Скопје
- Празници се ближат
- Зима , зимски игри и спортови
- Птиците во зима
- Животните во зима,
- Природата се буди
- Љубов за мама
- Другарче со другарче,
- Природата се буди,
- Нашата планета Земја
- Да го запознаеме живиот свет во водите.... реки,езера,морињa, океани

- Летни радости
- Животните од Африка ..... животни во пустина

**Во постара предучилишна возраст од 5 - 6год:**

- Мојата градинка Распеана Младост се вика
- Децата во светот,
- Мојата  земја Македонија ,
- Доцна есен во шума,
- Од плодовите на есента вкусна зимница се прави
- Празници се ближат.
- Во светот на бајките
- Дојди ,дојди пролет мила
- Априлски приказни
- Дрвото наш пријател
- Љубовта за мама
- Денови на екологијата -22 Март и 22 Април- И ние садиме цвеќиња во дворот на градинката- Го уредуваме дворот
- Нашата планета Земја
- Спортови и активности на вода и во вода
- Патуваме во времето на диносаурусите,
- Каде патуваме на лето
- Ги откриваме тајните на пеперутките,
- Правиме инсектариум.
- Летни радости

Во текот на годината темите од годишниот план зависно од интересот на децата и моменталната состојба во околината и природата, можеа да претрпат дополнувања или промени.

Од консултативните разговори со воспитувачите кои се водеа по завршувањето на секоја тема може да се констатира дека темите беа одлично прифатени од децата и даваа можности за поттикнување на правилниот раст и развој на децата, подржување и поттикнување на спонтаните детски активности, збогатување на нивните искуства за природата, луѓето и појавите во непосредната околина, развој на говорот и останатите изразни можности на децата.

Од секојдневните контакти со децата, разговорите со воспитно-образовниот кадар и увидот кој континуирано се изведуваше во текот на целата  година од страна на директорот, може да се каже дека кај најмалите за разлика од почетокот на учебната година се насетува способност и желба за соработка и игра со другите деца иако тоа е краткотрајно, а почеста е појавата на самостојна  игра,  но секогаш во друштво на другите деца, потоа

определени културни и хигиенски навики, а во градинката пак зависно од возрасните групи присутна е способноста да се сослуша другиот, да се согледа потребата и желбата, да се соработува со другите деца, да се покажува определена самостојност во облекувањето и соблекувањето и одржувањето на личната и колективната хигиена, а додека пак кај предучилишните деца веќе се гледа разбирање и разликување на мотивите на однесување на другите членови на групата, се јавува чувство на пријателство, симпатија, соработка и другарство. Децата добро ги знаат своите и обврските на другите членови на групата и нив ги користат во секојдневниот живот и работа во градинката и надвор од неа. Кај нив веќе се насетуваат и некои црти на личноста како што се самостојност, самокритичност, искреност, упорност и сл.

Емоциите кај помалите се бурни, интензивни, краткотрајни, се гледа чувство на љубов кон родителите и воспитно-згрижувачкиот кадар, но присутна е себичноста и посесивноста која е карактеристична за оваа возраст. Во поголемите групи веќе се распознава свеста за себе, тие ја знаат својата улога и обврска во групата, изразуваат задоволство од постигнатите резултати, изразено е чувството на љубов према луѓето, животните, природата. Тие го контролираат своето однесување и имаат реална слика за себе.

За разлика од почетокот на учебната година на крајот од извештајниот период може да кажеме дека кај малите деца веќе се појавени првите директни манипулации со предметите, се гледа одредена постојаност на вниманието и способност да ги согледаат едноставните сличности и разлики помеѓу предметите и појавите. Тие се љубопитни за се што ги опкружува и покажуваат способност за смислено запаметување на помали стихови, приказни, мелодии, веќе ја имаат совладано вештината на следење и слушање на говорот и музиката, нивниот речник е побогат, умеат едноставно да ги изразат своите мисли.

Кај децата од поголемите групи се гледа постојаност и трајност на вниманието, ги препознаваат основните сетилни квалитети на предметите и појавите и тоа го изразуваат говорно, ликовно и музички. Активно учествуваат во набљудувањата и експериментирањата и директно и слободно манипулираат со предметите, материјалите за работа и играчките. Способни се да ги почувствуваат и пофините разлики на предметите и појавите, умеат да вршат класификација, серијација и конзервација, ги воочуваат и изразуваат просторните и временските односи, логички размислуваат, ги согледуваат причинско-последичните врски и односи, откриваат и даваат повеќе идеи, предлози и решенија за многу проблемски ситуации. Во комуникацијата со врсниците и возрасните се чувствува слобода, исто така и во говорот со непознати лица. Формирани се одредени гласовни можности, се гледа чувство за ритам, творечко и спонтано музичко изразување. Од согледувањата може да заклучиме дека децата од постарата предучилишна возраст (5 – 6 год.) располагаат со богат

фонд на знаења, вештини и навики кои успешно ќе ги користат и дека во потполност се спремни да ги прифатат обврските и должностите во училиштето.

И во однос на моторниот развој за разлика од почетокот на учебната година кај децата од помалата предучилишна возраст веќе се гледа успешно ракување со топката, манипулирање со ситниот градежен материјал, пластелинот и тестото со кое моделираат различни форми, претежно валчести и топчести, успешно го совладуваат просторот и се насетува одредена складност на движењата одмерени спрема нивната возраст. Забележен е виден напредок и во координацијата на сетилата, тие се обидуваат да ја закопчаат и откопчаат облеката, а веќе и самостојно се хранат успешно принесувајќи ја лажицата кон устата. Додека пак кај поголемите деца се гледаат посложени развиени моторни вештини. Тие умеат да трчаат на прсти, да трчаат во одредена насока со координирано движење, без потешкотии совладуваат одреден простор, кај нив веќе е изразена сигурноста и складноста на движењата. Видна е вештината во користењето на сетилата, забележлива е координацијата око - рака и рака - око, тие вешто и самостојно се облекуваат и соблекуваат, помагаат во сервирањето на оброците, самостојно се хранат, ја средуваат занималната. Исто така развиена е ситната мускулатура што се гледа во умешноста за сечење и слободно ракување со ножици, веќе правилно го држат моливот и останатиот прибор, си го пишуваат името, пишуваат и бројки, правилно ракуваат со хартијата и лепилото и кај нив е одредено користењето на левата или десната рака. Некои од децата ги препоснаваат буквите и умеат и да читаат.

Постигнатите резултати беа поттик кон внесување на новини како во поглед на темите и содржините на работа, така и во поглед на формите на работа се со цел унапредување на воспитно-образовната работа и постигнување на поголеми резултати. Така се продолжи со продлабочувањето на знаењата за природните појави, растенијата, животните, временските промени застапени во темите кои при планирањето беа разгранувани во соодветни поттеми и воспитни ситуации актуелни и произлезени од детските интереси. Изборот на темите и времето кога одредена тема ќе се разработува зависеше исклучиво од интересот на конкретната група и беше на предлог на воспитувачот во соработка со директорот и се однесуваа само на одредената група каде се појавил тој интерес.

Во текот на изминатиот период новини се гледаа и во начинот на организација на активностите во текот на денот. Така, во одредени период, се почесто планиравме организација на денот во кои беше применет интегриран приод  во реализацијата на активностите  од повеќе домени, почитувајќи ги  желбите и интересите на децата, како и активности во чие остварување учествуваа различни возрасни групи. Ваквиот тип на активности придонесе за збогатување и оплеменување на

социоемоционалните односи меѓу децата кои се огледаа во меѓусебно помагање, дружење, вложување напор според своите можности за постигнување на заедничка цел.

Воспитно-образовната работа беше насочена кон создавање и насочување на позитивни емоционално-социјални односи на поддржување и поттикнување на спонтаните детски активности, на чување и јакнење на детското здравје, правилен раст и развиток на детскиот организам, развивање на моториката, збогатување на детските искуства за луѓето и појавите од непосредната околина, развивање на говорот и другите изразни можности.

Во целокупната воспитна работа со децата од најрана и постара предучилишна возраст се настојуваше да се осмислат одредени постапки, планирани воспитно-образовни содржини за зачувување на здравјето, им се помагаше на децата да ги совладаат елементарните знаења за здравствената заштита како лична така и колективна, им се помагаше во формирање на здравствени, хигиенски и работни навики. Така навиките за редовно миење на рацете пред и по оброците и по игрите веќе се усвоени и децата ги применуваат не само во градинка туку и дома. Низ организираните животно-практични активности децата се навикнуваа на самостојност во облекувањето и соблекувањето, во одржувањето на хигиената, при сервирањето на храната, уредувањето на просториите преку оставање на играчките и своите работи на одредено место. Се обрнуваше внимание и на културното однесување, поздравување и секојдневно користење на културни изрази во комуникацијата со врсниците и возрасните. Во насочените активности како организирана форма на остварување на воспитно-образовните задачи најдоа место најразлични елементи на учење игра и работа како непосредното набљудување, перцепирање, споредување, манипулирање и практични активности на откривање, истражување, моторички и сензорни активности, решавање на проблеми и задачи посебно насочени за развој и јакнење на психофизичките функции и способности, вежбање на способностите, вештините и знаењата, разни видови на изразувања во творештвото како говорно, музичко, ритмичко и др.



Еколошкото воспитание на децата беше перманентно присутно во градинката во постарите предучилишни групи. Секојдневно на децата им се обрнуваше внимание напотребата од одржување на хигиената во занималната,во тоалетот,во градинката и во нашиот двор. Се планираа и реализираа еко-активности поврзани со теми за заштита на планетата Земја, на живиот свет на планетата, заштита на водите, планините, воздухот,потребата од садење цвеќиња и дрвја.

Традиционално нашата градинка ги одбележува со најразлични манифестации и активности :

- Денот на пролетта и Денот на екологијата (уредување на дворот и садење на цвеќиња и дрвца)





- Денот на планетата Земја беше одбележан со активности на децата(што знаеме за планетата земја, цртање, истражување, чистење и уредување на дворот).

- По повод Денот на планетата Земја ,децата од постарите групи направија посета на Планетариумот, сместен во Младинскиот културен центар во Скопје.



- Со децата постојано се разговараше за значењето на чистата животна средина, се разговараше за одредени норми на однесување во градинката, во животната средина и воопшто во природата и на тој начин се почитуваше еко кодексот кој е изработен во сите воспитни групи.
- Во рамките на еко -активностите, четврта година по ред се реализира Проектот : Учиме за собирање и рециклирање на отпадно масло за јадење. Проектот е осмислен од ОХО и фирмата Суниленс , а се работи со деца од 4-5 и 5-6 годишна возраст. Низ еко-работилници и боење на листови со познатиот лик Петко, децата учеа за тоа колку е штетно отпадното масло за природата и потребата да се собира во специјална кантичка. Кантички беа давани на заинтересирани родители.
- Во рамките на обуката на тема – Примена на сликовниците од Програмата „Размислувај еднакво во предучилишното образование и воспитание“ организирана од МТСП во периодот од месец Февруар до месец Јуни со децата на возраст од 4 до 6 години се обработија дел од сликовниците и тоа :
    - Јас и само јас ,
    - Има ли некој како мене,
    - Неверојатната Пипи,
    - Грижливите животни,
    - Како се чувствуваме,
    - Бранот Бранко,
    - Приказна за цвеќенцето,
    - Лара жолтата буба мара,
    - Прекрасната Маргарита,
    - Приказна за моето цвекло,
    - Сликовница ѕид,

- Приказна за цвекленце,
- Ја сакам планетата земја,
- Мојата посебна коса.






Реализирајки ги проектите и  активностите  во текот на годината се трудевме да воспоставиме партнерски однос - дете-воспитувач-родител-локална самоуправа.



Во градинката во целост сме задоволни од реализираната програма.

# VI. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА КАДАРОТ

Во организација на МТСП и УНИЦЕФ беа организирани предавања на следните теми:
- Развој на социоемоционалната интелегенција кај децата,
-Конструктивизам во учењето со децата
-Професионални заедници во градинките

Во рамките на овие предавања беа организирани следниве работилници:
- Размислувај еднакво ( во организација на МТСП и УНИЦЕФ)
-Подршка за воспоставување на професионални заедници за учење во градинкити ( во организација на МТСП и УНИЦЕФ)
-Истражување и акциски планови на професионалните заедници во детските градинки( во организација на МТСП и УНИЦЕФ)
-Комуникациски способности во колоборативните тимови( во организација на МТСП и УНИЦЕФ)
-Конструктивна комуникација(конфликти)
-Градинката, семејството и заедницата
-Врската меѓу добросостојбата на децата и нивно постигнување
-Ориентираност кон очекуваните резултати во раното учење и развој на децата
-Искуство од воспоставување на професионален заедници за учење во градинките,
-Предавања од страна на Дарко Кобетиќ во врска со инклузијата на децата во општеството во соработка со МТСП

Во ЈУОДГ "РАСПЕАНА МЛАДОСТ" покрај воспитно образовниот персонал што стручно се едуцира, исто така и административно финансовата служба ги следи сите семинари организирани од консултанските куќи како што се Македонија Биро,КДС, Биро за јавни набавки, Стопанска комора на Македонија, Агенција за јавни службеници и други семинари организирани од надлежните министерства, агенции, Бироа, во врска со примената на новините во финансовото работење и следење и примена на новите правно административни закони и прописи - Законот за јавни набавки,финансиско работење, архивско работење, правна регулатива и сл .

# VII. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНАТА ДЕЈНОСТ

Во текот на изминатата година, здравствената заштита беше приоритетна и континуирано се водеше сметка за хигиената, исхраната и здравствената состојба на децата.

1. ***Санитарно-хигиенски надзор на објектот***:

Во изминатиот период се вршеше перманентен надзор и контрола во создавањето поволни услови за обезбедување на безбеден престој на децата во градинката.Тоа во себе опфаќаше:

1. Спроведување на хигиената во сите простории во кои престојуваат децата
2. Спроведување на хигиената на санитарните јазли (редовно механичко чистење и дезинфекција на секои два часа, дезинсекција и дератизација),
3. Редовна промена на детската постелнина – еднаш неделно и нејзино редовно перење , пеглање и правилно складирање и чување,
4.Селекција и употреба на играчки кои се лесни за одржување и нивна дезинфекција.
5. Дневно миење и дезинфекција на играчките и другите нагледни средства и работно - игровен материјал и складирање на употребените играчки на посебно означени места,
6. Редовно проветрување на просториите со што се обезбедува свеж кислород, а истовремено сончевите зраци прават природна дезинфекција на просториите,
7. Редовно одржување на дворните места заради тоа што децата обавуваат дел од своите активности во нив, а и заради одржување на позитивен имиџ на градинката,
8. Одржување на хигиената и дезинфекција на сите останати простории,
9. Контрола и едукација за начинот на припрема, употреба и чување на дезинфициенсите.
10.На крајот на секој работен ден се врши дезинфекција на работните површини низ целата градинка (ходници, занимални, тоалети за деца и возрасни, административни простории и т. н.)

**3. Контрола на исхраната**

1. Одржување на беспрекорна хигиена на кујнските простории, на садовите во кои се припрема и сервира храната,
2. Контрола на дистрибуцијата, чувањето и исправноста на намирниците и продуктите,
3.Креирање на неделните менија за исхрана, и нивни стандардни сезонски измени, условени од присутноста на намирниците на пазарот и заради нивната лесна расипливост,особено во летниот период,

4. Контрола на хигиената на кујнскиот персонал, нивните хигиенски навики и работна униформа,
5. Контрола на текот на оброците. Со цел на подобрување на безбедноста и квалитетот, Центарот за јавно здравје и нивните надлежни органи со испитување на микробиолошката исправност на храната, кујната кујнскиот инвентор и кујнскиот персонал (преку земање на брисеви за анализа). Медицинската сестра поднесуваше нутритивен извештај за неделното мени на исхрана и калориската вредност на оброците со комплетен преглед на оброците за секоја сезона. Извештаите на надлежните служби беа дека се задоволени калориските и минерално - витаминските потреби на децата.
Тие извештаи редовно ги истакнувавме на информативните катчиња.
6.Контрола на хигиената, подготовката и складирањето на храната беше на два пати контролирана од инспекторите на Агенцијата за храна и ветеринарство при што не се најдоа никакви отстапувања и забелешки.

3.***Следење на растот, развојот, здравствената состојба и психо-физичкиот напредок кај децата***:

Детските градинки спагаат во категорија на институции кои работат со здрави деца па затоа нашите примарни цели и задачи се превентивни и тријажни.
Во остварување на нашата главна цел здрави, напредни и среќни деца, континуирано ги спроведувавме следниве активности:
1. Постојано следење на секојдневниот здравствен билтен на децата, при што многу важна улога имаат негователките и воспитувачите кои се првиот филтер на тријажа т.е. детекција пратејки го однесувањето и изгледот на децата,
2. Психолошкото здравје на децата се следеше во директен и непосреден контакт-дружење со децата од страна на воспитно згрижувачкиот тим, но и од страна на стручниот тим ( психолог и логопед).
3. Антрополошки мерења - мерење на висина и тежина беа вршени од педагогот по физичко воспитување и воспитно згрижувачкиот тим.

4. ***Спречување на заболувања кај децата***:

1. Контрола на имунизацитата т.е. вакцинацијата,
2. Брзо откривање на болните деца, нивна изолација и информирање на родител или старател, кој се должни веднаш да го земат болното дете за да му се пружи медицинската помош која му е портебна,
3. Правилото “негативен брис” после боледувањето на децата е апсолутна потреба како превентивна мерка за зашита на децата, но и на персоналот. Ова правило мора да се трудиме доследно да го почитуваме и покрај отпорот што го манифестираат дел од родителите.

Во градинка престојуваат здрави деца со нормален психофизички развиток, секое дете си има досие каде се следи психофизичкиот развој и во кое се впишани податоците за вакцинираност на детето, за евентуална преосетливост на лекови, храна и сл.

Во целокупната работа со децата во сите воспитни групи се настојуваше да се осмислат одредени постапки, планирани воспитно-образовни содржини за зачувување на здравјето, им се помагаше на децата да ги совладаат елементарните знаења за превентивна заштита како лична така и колективна. Потоа им се помагаше во формирање на здравствени и хигиенски навики за запознавање на сопственото тело, деловите на телото, користење на природните фактори воздух, вода и сонце, исхраната со прехранбени артикли кои помагаат како превенција во зачувување на здравјето на децата и луѓето воопшто. По игровен пат преку организирани активности децата стекнаа појмовно-претставни знаења за здравата храна, житариците, медот, млекото и слатката во исхраната, значењето на витамините, се запознаа со некои видови лековити билки, нивното значење за здравјето, начинот на собирање, чување и употреба. Потоа се запознаа со некои видови заболувања и повреди, настинки, инфекции, воедно ги запознаа професиите лекар, медицинска сестра, стоматолог и средствата и приборот кои тие го користат во работата.

Екипа од Агенција за храна и ветеринарство повремено правеше контролни инспекциски увиди во нашите објекти и при тоа ја разгледуваа кујната и инвентарот и немаше никаква забелешка на поставеноста,уреденоста и хигиената во кујната. Со оваа служба имаме добра соработка.

Поради коронавирусот во изминатиов период до МТСП праќавме дневни извештаи за присутни деца во градинката, подготвени оброци, проветрување на просториите, употребени средста за чистење.

Во текот на годината беа спроведени сите напатствија и наредби од Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство.

Во текот на годината сите вработени ги извршија комплетните систематски прегледи и задолжителните санитарни прегледи - еднаш годишно воспитно образовниот кадар, а два пати готварскиот кадар , возачот и домакинот.

# VIII. КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ НА УСТАНОВАТА И СОРАБОТКА СО ПОШИРОКАТА СРЕДИНА

Напоредно со ангажирањето на планираните задачи во извршување на воспитно – образовната и згрижувачката дејност во текот на годината во Установата и надвор од неа се реализирани и низа други активности кои овозможија поефикасни образовни резултати. Бидејќи културата на живеење на одредена општествена средина зависи од многу фактори како

традицијата, економската развиеност, образованието, развојот на науката, филозофијата, техниката, уметноста, културните навики, меѓучовечките односи и постапки, градинката како општествена форма на згрижување, воспитување и образование на децата, вклучувањето на децата во културниот живот на заедницата го правеше организирано со подготовка на сопствени планови за соработка со родителите, соработка со другите градинки, основни училишта како и организирање на различни детски манифестации, приредби и прослави.

По повод 45 годишното постоење на градинката беше организиран настан во кој земаа учество децата од големите групи од двата објекти.Настанот беше одржан во дворот на градинката и на истиот присуствуваа голем број родители, поканети гости како и градоначалникот на општината.

Во продолжение ќе наведеме кои планирани манифестации настани и приредби беа реализирани и тоа:

- Со многу активности , согласно месечниот план за работа за октомври, во секоја воспитна група се исполнија деновите посветени на одбележувањето на Детската недела од 2 до 6 октомври 2023,
- По повод роденденот на градот: 13 ноември, беше реализирана традиционалната манифестација „Го градиме нашиот град„ во организација на Детскиот културен центар Карпош. Учество имавме со макета од празни кутии со кои беше претставен градот, а која ја изработија децата од 5-6 г од групите Срциња и Детелинки.
- Збогум есен – Се одбележа со активности на децата во гупите(цртање и изложба, обликување на есенските плодови во животни, цветови,како и со куклена претстава „Есен во шумата„
- Одбелжување на Новата година
- Одбележување на празникот на мајките и жените (8Март) со творење и изложба на влезовите на занималните и со учество со детски ликовни творби на традиционалната изложба Мојата мајка .во организација на Детскиот културен центар Карпош.
- По повод деновите на пролетта и екологијата во матичниот објект и во Виножито, беше реализирана Театарска претстава : Музичка екологигија, од актерската група Триангла. Во објектот Виножито претставата ја следеа и првачињата од ОУ Аврам Писевски од н.Бардовци, на наша покана.
- Априлијадата,



- На почеток на месец Април , децата од двете групи на деца на возраст од 5 до 6 години го посетија Планетариумот при Младинскиот културен центар.



- Велигденските празници беа одбележани со активности во воспитните групи ,како декорирање на јајца, цртање, учење за значењето на празникот  и слично.




- Во месец мај, децата од 5-6 г. од групата Цветчиња  со кратка музичка програма учествуваа на Пролетниот фестивал во Приватното училиште Јахја Кемал ,во н. Тафталиџе,
- Денот на заштита на животната средина , Селектирање на отпадот( во соработка со ЈП Комунална Хигиена)

- - Со многу активности во секоја воспитна група  се исполнија деновите на Детската недела од 2 до 6 октомври 2023,
- Децата од постара предучилишна возраст од 3 - 4год. беа во посета на блиското рекреативно катче во населбата;
- Децата  од постарите воспитни групи од 4 - 6 год.неколкупати беа на прошетка во Градскиот парк;
- Децата од 4-5 (2 групи) и од 5-6 г.(2 групи) го посетија и под раководство на кустос се запознаа со експонатите сместени во Природонаучниот Музеј.





- На крајот од месец мај децата од 5-6 години (од групите Цветчиња и Ѕвончиња) имаа средба со писатели од Издавачката куќа „Просветно дело„ со Ксенија Маказлиева Трајчевска и Наум Попески,кои воедно пишуваат и го уредуваат омиленото списание за деца Росица.



Забелешките, предлозите, сугестиите, пофалбите ние ги разгледуваме и се трудевме да ги решиме на најдобар начин за да може тој триаголник градинка - дете - родител да функционира уште подобро и на поквалитетно ниво .
На секојдневните консултативни разговори родителите добиваа информации за напредокот на нивните деца, но и за други прашања .Во наредниот период планираме формирање на стручно советувалиште составено од педагог, психолог, логопед, воспитувач со цел подобро унапредување на врската помеѓу родителот и градинката и изнаоѓање на правилни решенија за безбеден и унапреден раст и развој на децата.

# IX. СОЦИЈАЛНА ДЕЈНОСТ

Во градинката немаме социјален работник и социјална служба, меѓутоа неколку пати во текот на годината по повод Денот на Општината и верските празници Божик и Велигден, се вклучивме во организирана хуманитарна акција за социјално загрозените лица во Општина Карпош како и за вработени од нашата градинка. За таа цел донираа од страна на родителите и вработените прехранбени продукти и средства за хигиена.

# X РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА НА ДИРЕКТОРОТ, СТРУЧНИТЕ РАБОТНИЦИ И СОРАБОТНИЦИ

Во градинката стручната служба заедно со воспитно – згрижувачкиот кадар и директорот максимално се залагаа за реализирање на програмата , спроведување на мерките за заштита од коронавирусот во оваа пандемска година како и внесување новини при работењето.

Дејноста на стручните органи и тела, како и на директорот, беше остварувана според однапред изготвен план и програма за работа. Таа беше насочена кон следење, анализирање и делување на унапредувањето на целокупната воспитно-образовна и згрижувачка дејност и се остваруваше со ограничени средби со родителите, децата, вработените , разни установи и организации кои се занимаваат со згрижувачка и воспитно-образовна дејност, при што во оваа комуникација во голема мера ни помогнаа електронските средства за комуникација.

## X.I РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА НА ДИРЕКТОРОТ

Во Извештајната 2023/2024 година Директорот на градинката ,како орган на раководење првенствено го организираше и раководеше целокупното работење на градинката.

Една од примарните задачи на директорот се остваруваше со почитување на Законот за заштита на деца, Законот за работни односи, Статутот на градинката, други закони и подзаконски акти поврзани со дејноста, како и од Годишната Програма за работа на градинката. Раководната, стручно-педагошката, финансиско-инвестиционата и инструктивната работа, директорот ја остваруваше пред вработените, Советот на родители, Управниот одбор , Стручниот совет, Советот на воспитувачки,Советот на негователи .

Директорот како раководител, организатор, координатор и менаџер на работата во детската градинка , својата визија за работата на градинката ја остваруваше со тоа што навремено ги согледуваше потребите, проблемите и интересите на децата и вработените. Со својата умешност наоѓаше соодветни решенија во соодветно време и во соодветна ситуација па така работата течеше според Програмата на градинката и однапред предвидените и зацртани работи и активности. Во текот на

работењето преку целата година директорот имаше своја програма за работа и испланирано ја реализираше со определена динамика и континуитет.

- Оперативниот дел од неговото работење се состоеше од изготвување на Годишната програма за воспитно - образовната работа на детската градинка, заедно со стручен тим кој учествуваше во изготвувањето на Програмата.

- Директорот со стручната служба од администрацијата ја изработи Програмата за тековно - инвестиционо одржување на објектот, Планот за финансиско работење на градинката како и Планот за јавни набавки за 2023 г.

- Секојдневно го следеше одржувањето на хигиената во занималните ,во кујната и во сите останати простории заради обезбедување на здрави и безбедни услови за престој на децата и на вработените.

- Во текот на годината ги следеше сите законски измени и настојуваше целосно да ги спроведувам промените предвидени во нив и целосно да одговорам на барањата што пред нас ги поставија МТСП и Општина Карпош.

.

- Во текот на годината директорот го следеше организирањето и реализирањето на згрижувачката, воспитно - образовната и стручно - педагошката дејност со тоа што даваше предлози и насоки ,стручни совети, решенија.

- Директорот учествуваше заедно со стручните работници во запишување на нови деца и во формирање на воспитните групи

- Вршев редовен увид во секојдневната работа на вработените во кујната , на помошно-техничкиот персонал, остваруваше консултации за превземање на соодветни работни активности, заради остварување на работните задачи од страна на вработените.

- Вршеше увид на целокупната педагошка документација,

- Редовно го пополнуваше со реализираните активности Дневникот за работа на установата,

- Вршев увид во здравствената документација, остварувањето на санитарните прегледи и на систематскиот преглед.

- Ја планираше, организираше и координираше работата на стручните активи и активно учествуваше во работата на истите

- - Директорот секојдневно вршеше увид во финансиско и материјалното работење ,

- Се залагаше за поголема дисциплина и одговорност на вработените,

- Соработуваше со Советот на родители, информираше и се залагаше за реализирање на нивните одлуки и барања,

- Соработував со раководни лица од другите предучилишни установи,

- Учествував во работата на Управниот одбор т.е. во подготвување на седниците на Управниот одбор и се залагав за спроведување на донесените Одлуки,

- Учествуваше во подготвувањето на Годишниот извештај за работењето во минатата година,

- Ги следев сите онлајн состаноци на директори со цел за подобрување на работата и дејноста,

- Учествуваше на седниците на Комисијата за дејности од јавен интерес и во Советот на Општина Карпош - кога се раправаше за нашата работа,

- Ги водеше стручните колегиуми во градинката,

- Остваруваше соработка со Бирото за развој на образованието на Македонија,

- Контактираше со стручните служби во Министерството за труд и социјална политика,

- Работеше на сопственото стручно и професионално усовршување,така што во текот на изминатиот извештаен период ,директорот учествуваше во обуки организирани од МТСП ,Уницеф и други акредитирани фирми

- Сите задачи што беа поставени пред директорот како на стручно и раководно лице, се реализираа одговорно и професионално

# РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА НА СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ, ЛОГОПЕД, ПСИХОЛОГ

Во следниов дел следат извештаите од стручните работници- психолог, логопед и стручните соработници - музичко,физичко и англиски јазик

## X.II.Извештај од работата на психологот

РАБОТА СО ДЕЦАТА

Базирајќи се на развојната психологија, менталната хигиена и социјалната психологија најмногу се фокусираше во доменот на социо-емоционалниот развој, како најважен за воведување на детето во средината која го опкружува и воспоставување на позитивен однос со светот околу себе. Сите развојни домени се поврзани и меѓусебно условени, затоа комуникациските

вештини во голема мера влијаат на прогресот и очекувањата за она што децата треба да го знаат и можат да го направат на одредена возраст.
- поддршка во периодот на адаптација, надминување на емоционалните проблеми и сепарационите стравови
- следење на социјализацијата – функционирање во група
- процена на статусот на психо-физичките функции и поведенија
- идентификација, следење, поддршка на деца кај кои беа забележени отстапувања од развојните стандарди
- прибирање на податоци за потребите за увид на степенот на развој на детето, при кои се користени повеќе инструменти и методи (интервју, цртеж, социометриски тест,белешки од набљудување и разговори со родители и воспитниот кадар...)
- следење на промените во однесувањето, насочување на деца кои имаа потребаод поддршка во постигнување на самостојност, самоконтрола, практични вештини, фина моторика и останато
- можности за подобрување на проблематично однесување
- канализирање на хиперактивно и агресивно однесување
- реализација на тематски содржини во група, во периоди на одсуство на воспитувач
- утврдување на зрелост за поаѓање во училиште
- следење и помош при активности и проекти со деца надвор од градинката и др.

**РАБОТА СО КАДАРОТ**

Проширување на стручните знаења и подобрување на вештините во функција на професионалниот развој и зголемено присуство на обуки со цел на зголемување на моите професионални вештини.
-определување на мерки и приоритети во постигнување на развојните цели
- воспитни ставови за прифатливо однесување и однесување кое не се одобрува
- поттикнување свесност за сопствените вредности, силни и слаби страни
- избор на активности, форми, содржини, средства за развивање на одредени способности, талент, креативност
-подобрување на комуникациските вештини
-поттикнување и поддршка на тимот, како и тимска соработка
- за добра работна клима, заемно почитување, мотивираност, одговорност
- советодавна работа со вработени кои побарале помош во решавање на индивидуални и семејни проблеми, колегијални односи и друго, со цел на зачувување на менталното здравје.

**РАБОТА СО РОДИТЕЛИТЕ**

Партнерството меѓу семејството и градинката, споделувањето на заедничката грижа за растот и развојот на децата, ги доближува воспитните влијанија кон меѓусебното однесување. Добрите практики го поддржуваат раното учење и подобрување на родителските улоги за прифатливи начини на постапување во меѓусебната комуникација.

-упатување во процесот на адаптација и социјализација на детето во група и редот и динамиката во градинката

- споделување на информации и согледувања за развојното ниво на детето, неговите интересирања, способности, учење
- помош во подобрување на комуникациските вештини и родителски улоги
- упатување на родителите како да го организираат заедничкото време со децата и како да ги стимулираат во домашни услови со едукативни и забавни игри
- за деца кај кои сме констатирале развојни нарушувања, препорака за потреба од работа со дефектолог, или упатување и вклучување на родителите во мрежа на надворешни стручни институции
- усогласување на пристапот кон осамостојување на децата во стекнување на хигиенски навики, исхраната, спиењето

-справување со ситуации на изливи на бес, агресивност на детето кон други деца и возрасните, дома и во градинка

- разбирање на љубопитноста на децата за разликите меѓу половите и сексуалноста, како и начините на реакција кај децата во периодите на онанија и последиците од несоодветен пристап.

Понатаму,соработка со други служби, надвор од градинката, а со цел на излегување во пресрет на децата и родителите и социјалните служби. Учество во разни обуки, предавања, презентации.

## X.IV. Извештај од работата на логопедот

Во изминатава воспитна година, работев со двете поголеми предшколски групи од 4 до 5 и двете поголеми предшколски групи од 5 до 6 години во централниот објект, како и со деца со навршени 4 години од двете хетерогени групи во објектот “Виножито”-Бардовци . По воспоставување на организацијата и планирањето, секое дете поединечно беше тестирано со тријажен тест каде во посебни гласовни групи, секој глас поединечно беше проверен. Беше и направен тест за правилна поставеност на говорниот апарат, груба проверка на слухот и моториката. По направените тестови констатирав дека постои неправилна артикулација на гласови, нема нарушувања во ритамот и темпото на говорот и добро владеат со експресивниот – импресивниот говор. Од централниот објект беа издвоени 39 деца, а пак од објектот Виножито беа одвоени 16 деца. По направените анализи логопедските третмани беа индивидуализирани на секое дете и беа поделени во групи.

Третманите најпрво почнаа со запознавање и по остварената соработка со децата, почнаа вежбите за еластичност на говорниот апарат, вежби за визуелизација и аудитивен развој.

Родителите беа известени преку соопштение истакнато на видно место и персонализирани пораки.
Најчеста патологија кај овие деца е дислалијата, со дисторзираните гласови(л, р, гласовите во групата на гласот с) и кај неколку постои омисија.
Со оглед на целата здравствена состојба која беше предизвик, по потреба ги превземав групите спроведувајќи згрижувачка и воспитна дејност.
По завршувањето на оваа успешна година сакам да изразам благодарност до колешките за дадената соработка, бидејќи таа соработка беше потребна за покажаните резултати на децата, но и да напоменам дека самата година беше полна со предизвици и препреки кои успешно ги надминавме заедно.

## X.V.Извештај од работата на соработникот музичар

Уште од најрана возраст детето побудува посебен интерес за музика која го поттикнува неговиот развој а посебно неговите сетила. Таа внесува ведрина, радост и расположение кај децата. Целта на музичкото воспитание е развивање на желбата за слушање музика, пеење песни пропратени со движења и свирење на детски музички инструменти. Чувството за ритам и динамика и осетот за мелодија се развива со континуирано и организирано поттикнување. Стручниот соработник по

музичко воспитание во градинката има за задача да ја развие и љубовта кон музиката кај сите возрасни групи. И оваа воспитно образовна година почитувајќи ги протоколите за новонастанатата пандемиска криза со Корона вирусот измина со однапред планираните активности реализирани во воспитните групи од 2 до 6 години. Планирањето се одвиваше на месечно ниво со учевство на воспитувачите, педагогот и директорот. Музиката со себе си носи и свои правила, кои ако се правилно спроведени лесно се реализираат, меѓу нив беа следните:

- правилно седење при пеење - правилно дишење - вежби за дишењето - правилно изговарање на буквите и зборовите.

- распевање по основна скала со сите самогласки, а за поголемите воспитни групи и пеење со основна скала (до, ре, ми, фа, сол, ла, си, до) и други вежби за распевање.

- користевме и динамика при пеењето (тивка, гласно) –вежби за ритам (бројалки, ритмички игри, музички игри со движење и игри со песна) -вежби за забрзување и успорување по ритам -пење песнички, народни песни, забавни песни - по потреба изучување чекори за оро, танци, балети, модерни танци и др.

Се запознававме со најразлични музички жанрови сериозна - класичка музика, марш музика, македонска народна и забавна песна, музика за деца, препознававме разни видови музика, музички гатанки, погодувавме познати музички теми приспособени за возраст на децата.

Користевме и музички инструменти (тропалки,триангл,ксилофон, барабнче и сл) се со цел да се подобри и разработи музичката свест кај децата со свирење на песнички и музички светски класични познати дела.

- Учевство и соробатка со воспитниот тим во реализција на куклена претстава " Есенка'' со музика за препознавање на шумските животни и препознавање на композицијата "Есен'' од Вивалди.
- Посета на Основното училиште ''Јакија Кемал'' и учевство во приредба со децата од големата група заедно со воспитниот тим.
- Учевство во ''Спортски ден'' организиран од стручниот соработник по физичко образование како музичка подршка во сите спортски игри.
- Во мај месец подготовка на завршните приредби со големите групи и нивна реализација во почетокот на месец Јуни.
- Посета на семинари и стекнување на сертификат за одговорно лице

за јавни набавки.

## X.VI.Извештај од работата на соработникот по физичко и здравствено воспитание

Во рамките на горе наведениот извештаен период, а во доменот физичко здравје и моторен развој, согласно програмата за ран детски развој, редовно работев со децата од ЈОУГД „Распеана Младост„ матичниот објект во Карпош-Скопје, на возраст од 2 до 6 години, како и повремено со децата на возраст од 9 месеци до 2 години( јаслена група). Истовремено се работеше и со децата на иста возраст од објект „Виножито„ во населено место Бардовци. Активностите се одвиваа во двата објекта паралелно.

Секојдневно беа изведувани вежби за правилен раст и развој на децата, вежби за превенција од искриввуања, вежби за зголемување на силата, прецизноста, координација и издржливост, како и вежби за подобрување на еластичноста –стречинг.

Вежбите беа изведувани во сите субдомени на доменот физичко здравје и моторен развој:

- Вежби за груб моторички развој
- Вежби за фин моторички развој
- Вежби за здраво и безбедно однесување
- Вежби за сензомоторен развој

При тоа континуирано се изведуваа вежби од груб моторички развој за развој и усовршување на рамнотежата, координацијата и контролираното движење на телото во просторот со цел увежбување и усовршување на прецизноста, експлозивната сила, скокањето од место со и 2 нозе, еластичноста и силата.

Во делот на субдоменот фин моторички развој, се вежбаа вежби за контрола на движењата на прстите и дланките, како и ракување со најразлични ситни и крупни предмети и играчки од секојдневниот живот.

Во субдоменот здравје и безбедно однесување се превземаа актвности за препознавање штетни и опасни ситуации, за лична нега и хигиена, како и за здрава храна.

Со помош на игри и вежби се делуваше и на сензомоторниот развој, користење на своите сетила за координирано движење, вид, слух, допир, мирис, вкус.

Децата беа воведени и запознаени и со основните карактеристики на спортски игри: фудбал, ракомет, кошарка, како и со гимнастика и атлетика како посебни индивидуални спортови.

За успешно остварување и изведување на вежбите и исполнивање на предвидената програма, беа користени најразлични спортски реквизити и

помагала, спортски справи, голем број разновидни играчки видео презентации, материјали за цртање и боење, музика од класична па се до народна и поп музика од најразлични јазични и културни подрачја на светот.

При тоа остварив добра соработка и контакти со вработените од нашата градинка како и со колеги од други градинки на територија на цела Македонија, се со цел подобро и поуспешно остварување на целите прдвидени со годишниот план и програма.

Континуирано се вршеше визуелен преглед и проценка на можни деформитети, искривувања како и лошо држење на телото кај децата, особено на рбетот, колената, стопалата и притоа остварувавме контакт и со родителите доколку има потреба да се посочи на одредено сомневање па тие понатаму да се обратат на соодветен доктор специјалист.

Беше извршено и редовно мерење на антропометриски мерки: висина, тежина, и тоа два пати во годината.

Земавме активно учество и на бројни спортски настани организирани од други градинки или организации на ниво на град Скопје,Спортска мини олимпијада организирана од градинката „Орце Николов„ учествувавме во активност со велосипеди во градски парк, активност во градски парк на атлетската патека, посета на основното училиште „Јахиа Кемал„ со големите групи, како и придружба на групите при посета на музеи, зоолошка градина и разни прошетки предвидени со планот и програата на градинката воопшто.

Самостојна организација и изведба на пролетен спортски ден во дворот на градинката со организирани спортски игри со децата од 2 големи групи од објект „Распеана Младост„ како и од објект „Виножито„

Организирање на ден на тркала со велосипеди и тротинети во објектите во „Распеана Младост„ и објект „Виножито„

Активно учество во соработка со воспитниот тим во организирање на завршни приредби за испраќање на децата од големите групи во училиште во објектите „Распеана Младост„ и „Виножито„ и активно учество во реализација на завршната приредба која годинава беше јубилејна 45 години.

Континуирано учество на семинари и предавања, дел со физичко присуство, дел од нив преку зум платформата на интернет со цел подобрување и усовршување на моите компетенции.

1. „Модул 3: „Инклузија и средина за учење„
2. „Учиме за собирање и рециклирање на отпадни масла за јадење„
3. „ Подигнување на квалитетот на предучилишното образование и грижа„

За целиот овој извештаен период децата ги остварија поставените цели и постигнаа повисок степен на развој во делот на:

1. Крупната моторика и грубиот моторички развој – одржување на рамнотежа на две и на една нога, подобрување на координацијата, зголемување на силата и еластичноста, зацврстување на мускулите на екстремитетите и трупот и подобрување на држењето на телото.
2. Усовршување на природните форми на движење: одење нанапред, одење наназад, одење во круг, одење на прсти, трчање, скокање нанапред и наназад, прескокнување пречки, провлекување, тркалање.
3. Ракување со спортски реквизити и справи, топки со различна големина, тежина и текстура, обрачи, јажиња, ленти...
4. Усовршување на фината моторик, зацврстување на мускулите н прстите и длаките, ракување со ситни и покрупни играчки, мли топиња и најразлични прмети од нивносто опкружување.

## X.VII.Извештај од работата на професорот по англиски јазик

-Изготвување на сопствена Годишна програма и извештај за период 20/2021 год.
-Изготвување на програма за рано учење на англиски јазик со деца од предучилишна возраст
Програмата за рано учење на англиски јазик имаше за цел:
-Збогатување на детски искуства и сознанија;
-Сензибилирање на децата за странски јазик на начин соодветен на нив,во богата и поттикнувачка средина и преку игра.
Задачи:
-Постапно изразување на англиски јазик во согласност со можностите на детето;
-Усвојување и проширување на јазичниот вокабулар преку тематски содржини прилагодени на возраста,интересите и потребите на детето;
-Поттикнување на правилен изговор,артикулација и интонација.
-Поттикнување на интерес за други народи и држави.

Станува збор за кратка програма за изучување на англискиот јазик која е предвидено да се реализира два пати неделно од по 30 минути кај деца од 4-6 години,во двата РЕ.
Наменета е за деца кои за првпат се среќаваат со англискиот јазик и за кои е значајно да имаат одличен модел кој ќе ја пренесува склоноста спрема јазикот и усвојувањето на јазикот преку игра.Раното усвојување на јазикот

воедно и беше во функција на развој на чувство на сигурност,спонтаност и спремност за учење на странски јазик.
Комуникацијата на англиски јазик беше планирано да се реализира спонтано и опуштено-со примање и пренесување на смислени пораки како во вообичаените животни ситуации така и во организираните групни активности,но согласно новонастанатата ситуација со Ковид 19 во нашата држава во тој период,иако не беа дозволени организирани групни активности и не постоеше можност за спонтана комуникација,начинот на работа во групи со деца беше променет и се одвиваше во следниве облици:
-Изработка на ЦД-а соеснички на Англиски јазик и печатени материјали за боење, согласно предвидените активности за обработување од програмата за тој месец;
-Организација на проектна активност онлине и вклучување на децата во е twinning соработка со деца од многу други различни држави.
-Изведување на децата надвор кога се стопли времето и организација на активности во дворот при што основниот вокабулар децата го усвојуваа преку добро познати и блиски содржини и теми додека пак јазичните и граматички структури ги усвојуваа преку песнички,бројалки,игри, драматизации... Децата имаа можност да преку игра и опуштена атмосфера го практикуваат наученото.
По месеци беа реализирани следниве теми:
Септември-Преку аудио вежби децата учат нови изрази кои ги користиме во секојдневието да искажеме наредба,да посакаме добредојде,да замолиме,или да се заблагодариме.
Октомври-Целта е полека децата да започнат да го користат јазикот преку краток дијалог со своите другарчиња на зададената тема. Децата го збогатуваат својот речник со нови зборови за боите преку игра и песна. Децата раскажуваат за дневните активности и за тоа како го поминуваат денот. Изработка на индивидуални маски за Halloween.
Ноември-преку музички активности децата ги слушаат броевите и азбуката.
Декември-децата се запознаваат со поими за временските услови,за зима и топла облека која се носи во текот на зимскиот период.
Јануари- Holiday Season (Празници)-Запознавање на децата со англискиот јазик преку песна и игра со нови содржини поврзани со нови изрази како и запознавање со зимата и зимските празници преку игра, видео материјали песна и слушање на новогодишна приказна.
Февруари-децата се запознаваат себе и своите другарчиња со емоциите и деловите од човечкото тело преку слики, песни и гестикулации.
Март-Во склоп на активностите за овој месец кој е и месец на мајката и празникот на жената, децата учат за семејното дрво преку слика, песна, разговор, игра и приказна. Изработка на осмомартовски честитки.
Во Април-Учење за месеците,деновите од неделата,годишните времиња и за празнувањето на празникот Велигден преку слушање приказни,песни и играње игри.Изработка на честитки со велигденски мотиви.

Мај-Запознавање на децата со различни видови животни и преставување на зборови за училиште преку игри,песни,слики,боење и приказни.
Јуни-Децата низ игра и песна во дворот се запознаа визуелно со соодветниот вокабулар за училиштето и училишните предмети.
Јули/Август -Летна рекреативна програма

# XI. ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА

Педагошката евиденција и документација беше редовно и континуирано водена во:

- Дневник за работа на воспитна група,
- Дневник за работа на детската градинка,
- Главна книга за децата,
- Досие на детето,
- Прозивник за присуство на деца во воспитната група.

Водењето на педагошката евиденција и документација беше перманентна задача на воспитно образовниот кадар, медицинската сестра која работи како негователка и директорот.
На целокупната педагошка документација надзор врши директорот.

# XII. МАТЕРИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ФИНАНСОВО ОДДРЖУВАЊЕ

За да фукционира како што треба градинката мора да се води сметка за материјалното и финансово работење. Затоа се изготвува Годишен финансов план а потоа се изработуваат и квартални планови.
Годишен финансов план и кварталните планови се прават за сметките за самофинансирачки активности и општинската сметка. Во овие планови се зацртува се она што треба да се набави, обнови, поправи или реновира.
Секоја година се прави и план за јавни набавки - преку спроведување постапка со барање за прибирање понуди со објавување на оглас и јавна набавка со отворен повик кои целосно завршуваат со електронска аукција.
Редовно се доставуваат банкарски изводи до Општина Карпош.
Редовно се прави годишен попис на основните средства и опрема.
Во текот на извештајниот период финансиското работење на установата се одвиваше преку спроведување на јавна набавка преку поедноставена

тендерска постапка со објавување на оглас за набавка на прехранбени продукти.

Десетта година сме вклучени во проектот на Топлификација за заштеда на топлинската енергија и тоа дава одлични резултати т.е. со исклучување на системот за време на викендите и празниците многу се заштедува.

Сметководителот и в.д. директорот редовно ги следат сите семинари во врска со сметководственото и административно работење и соработуваат со одговорните лица во врска со финансирањето од МТСП и Општина Карпош.

СКОПЈЕ
Август 2024 год.

в.д. директор
Валентина Ѓорѓевиќ